Врз основа на амандманот XXXIII на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 6/19), член 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 65 и член 137 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15) и член 139 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 12/09), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 30 август 2019 година, донесе

## НАЦРТ - СТАТУТАРНА ОДЛУКА

### за измени и дополнувања на Статутот на Општината Куманово

Член 1

Во Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.13/03, 13/07 и 8/15), во членот 3, членот 10 став 1, членот 23 став 2, членот 54 став 2, членот 64 став 1 точка 7, членот 132 и членот 133, по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

Во членот 10 став 1, по зборот „Maqedonisë“ се додава зборот „ së Veriut“.

Член 2

Во членот 74 став 1, по зборот „Граѓаните“ се додаваат зборовите „преку граѓанска иницијатива или преку форуми на заедници (проектен форум или буџетски форум)“.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на Општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност и без обезбедување на потписи, доколку предлогот е утврден на форуми на заедници.“

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

Член 3

Членот 104 се менува и гласи: